**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-176/3 од 9 јули 2014 година донесена на 103. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 9 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научна област *меѓународно јавно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријавија: д-р Дејан Маролов, доктор на правни науки и Вида Поповска-Кочишка.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Дејан Маролов** е роден на 29 октомври 1983 година во Штип, Р. Македонија. Средно образование со одличен успех завршува во ДСУ Гимназија „Славчо Стојменски” во Штип на насоката Општа гимназија. Во 2003 година се запишува на Правен факултет при ФОН Универзитетот на насока Европско право и право на ЕУ. Во втората година од студиите ја добива државната стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование и наука. Дипломира во јули 2007 година со просечен успех од 8,48 со што станува дипломиран правник. Во 2007 година се запишува на Меѓународни и европски постдипломски студии на Европскиот институт за високи меѓународни студии во Ница, Р.Франција, каде што добива финансиска поддршка за талентирани студенти од Европскиот институт за високи меѓународни студии и Европската комисија. Успешно ги положува сите предвидени испити со просечен успех од 14,50 (односно 8,17 согласно со еквиваленцијата на МОН). По успешната одбрана на магистерскиот труд насловена како „Односите помеѓу ЕУ и Македонија во контекст на политиката на ЕУ кон Западен Балкан” под менторство на проф. Д-р Низар Бен Ајед, на 18 јули 2008 година се стекнува со звањето магистер по напредни меѓународни и европски студии (странска диплома нострифицирана во Р.Македонија). По магистрирањето кандидатот се запишува на докторски студии на Европскиот центар за развој и мир при Универзитетот за мир, основан од Обединетите нации со седиште во Белград - Република Србија. По успешната одбраната на докторската дисертација насловена како „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика” под менторство на проф. д-р Васил Тупурковски во октомври 2011 год. кандидатот се стекнува со титулата доктор на правни науки (странска диплома нострифицирана во Р.Македонија).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Кандидатот е доктор на науки од соодветната научна област (меѓународно јавно право).
2. Кандидатот има остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварениот просек на студиите на прв циклус = 8,48 и остварениот просек на студиите на втор циклус = 14.50 односно 8,17 согласно со еквиваленција извршена од Министерство за образование и наука).
3. Кандидатот има објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дејан Маролов | The reasons for the collapse of Yugoslavia | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 6 |
| 2 | Дејан Маролов и Елена Иванова | The Relations between Macedonia and Kosovo | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 6 |
| 3 | Дејан Маролов | The Euro-Atlantic aspirations of the Republic of Macedonia | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 6 |
| 4 | Дејан Маролов и Жозе Норoња Родрицез | Theoretical and Legal Framework of Foreign Policy the Example of the Republic of Macedonia - Official EU Candidate Country | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 6 |
| 5 | Дејан Маролов | Republic of Macedonia Foreign Policy - Diplomacy in the Middle of the Balkans | Cambridge Scholars Publishing, *Cambridge, UK* | меѓународна научна публикација |
| 6. | Дејан Маролов | EU relations with Macedonia in the context of the EU – Western Balkan policy | LAPLambert Academic Publishing AG Co KG,Berlin Germany | меѓународна научна публикација |
| 7. | Дејан Маролов | The Foreign Policy - Theoretical Overview | Grigol Robakidze University Academic Law Bulletin, Georgia | меѓународна научна публикација |
| 8. | Дејан Маролов | The foreign policy of the USA towards Yugoslavia | Proceedings from 1st International Congress on Social &Cultural Studies, International Association for Teaching and Learning, Granada, Spain | меѓународна научна публикација |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Веднаш по магистрирањето, кандидатот волонтираше во адвокатска канцеларија. Од мај 2009 година работи на Правниот факултет во Кочани при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во соработничко звање како помлад асистент на група правни предмети каде што изведува вежби по предметите: Меѓународно јавно право, Вовед во правото на ЕУ, Семејно право, Европско казнено право, Меѓународно казнено процесно право и Историја на право. Во февруари 2012 год. кандидатот е избран во соработничко звање асистент за научната област - меѓународно јавно право каде што изведува вежби по предметите: Меѓународно јавно право, Вовед во правото на ЕУ, Проектен менаџмент со ЕУ фондови, Политики на ЕУ, Политичка социологија, Административно право и Јавна администрација.

***Кандидатот ги има објавено следниве трудови:***

Marolov, D. (2010) *EU relations with Macedonia in the context of the EU – Western Balkan policy*. Berlin, LAP Lambert Academic Publishing AG Co KG

Оваа монографија е составена од четири глави во кои авторот ја анализира политиката на Европската унија, како специфичен меѓународно-правен субјект кон геополитичкиот регион на западен Балкан. Акцентот е ставен врз односите на Европската унија со Република Македонија како држава со официјален кандидатски статус за членство во ЕУ. Исто така се дава и историски приказ на настаните од блиското минато на државите од поранешна Југославија, улогата на ЕУ во тие настани но и начинот на кои тие настани влијаеле врз

сегашната позиција на ЕУ кон овој регион. Врз основа на направената анализа се доаѓа до сознанието дека се цели кон давање на можните правци за идната политика на ЕУ кон овој регион, а особено кон Р.Македонија.

Marolov, D. (2011) *EU policy towards the dissolution of Yugoslavia with special emphasis on EU policy towards the Republic of Macedonia*. On line, Analytical journal (vol.4 no.2)

Овој труд ја анализира политиката на ЕУ при распадот на дотогашниот меѓународно-правен субјект, Југословенската федерација, поточно нејзиниот успех односно неуспех во рамките на јавно промовираните цели на политиката што ја водела. При ова особено внимание се посветува на посебните политики на Обединетото Кралство, Германија и Франција во однос на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ по договорот од Мастрихт од 1992 год. Особено се анализира конкретната политика на ЕУ кон Република Македонија. Целта на овој труд е да се презентира и расветли зачетокот на посебната македонска надворешна политика од пепелта на Југословенската федерација и во овој контекст да се понудат објаснувања за одредени проблеми во односите помеѓу тогашната Европска заедница и новоформираната македонска држава кои имаат влијание дури и денес.

Marolov, D. (2012) *The Policy of the USA and EU towards the Disintegration of Yugoslavia*. On line, International journal of social science tomorrow (vol.1 no.2)

Предмет на интерес во овој труд се политиките на САД и ЕУ кон процесот на распадот на Југословенската федерација. Особено се анализира улогата на САД и ЕУ во поглед на изменетиот меѓународен систем по падот на комунизмот, односно нивните реакции во услови на редефинирање на целите на сопствените надворешни политики. Како заклучок може да се изведе дека ЕУ не се снјаде најдобро со процесот на менаџирање на кризата во Југославија, додека, пак, САД беа премногу колебливи дали да се инволвираат директно.

Маролов, Д. (2012) *Услови и постапка за полноважност на брак според измените на Законот за семејство од 2010 година*. Скопје, Стручно списание Правник (бр. 239)

Овој труд ги обработува членовите од Законот за семејство на РМ во делот за условите за склучување и полноважност на брак, како и самата постапка за склучување на брак со сите измени и дополнувања. Станува збор за членовите 15-22 (услови за склучување и полноважност на брак) и членовите 23-30 (постапка за склучување на брак). За разлика од поранешната практика на третирање на оваа правна проблематика со посебен Закон, како што беше случај со Законот за брак на Социјалистичка Република Македонија, оваа правна проблематика денес е инкорпорирана во Законот за семејство на РМ. Па, бидејќи во моментов не постои посебен Закон за брак, предмет на интерес на овој труд е Законот за семејство односно неговите измени во делот на условите и постапката за полноважност на брак.

Marolov, D.(2012) *The Foreign Policy - Theoretical overview*. Tbilisi, University Academic Law Bulletin, Grigol Robakidze

Овој труд е напишан со цел да се покаже дека теоретското истражување на надворешната политика е еден од условите за практично и успешно практикување на надворешната политика на државата. Оттука се илустрира дека теоретското изучување на односите помеѓу надворешната политика и другите релеванти фактори понекогаш може да биде круцијално за успехот на нејзиното практикување. Овој труд се концентрира на анализа на односот на надворешната политика кон дипломатијата, но исто така и на односот на националната, внатрешната политика кон надворешната политика, па и влијанието на карактерот на политичкиот систем кон овој однос. Исто така, овде се зборува и за промените на меѓународните односи и меѓународниот систем и нивниот импакт врз надворешната политика.

Маролов, Д. (2012) *Македонската јавна дипломатија и нејзините основни предности и слабости*. Свети Николе, Зборник на научни трудови, трета меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог- Исток и Запад, Корпоративен меѓународен славјански универзитет Г.Р. Државин.

Во конкретниов труд се обработува и објаснува начинот на делување на јавната дипломатија наспроти класичната дипломатија. Се прави конкретна анализа на степенот на примена на јавната дипломатија од страна на Република Македонија и се даваат конкретни

предлози како во иднина би можело да биде подобро користен овој инструмент со цел за подобро остварување на целите од надворешната политика.

Marolov, D. (2012) *The foreign policy of the USA towards Yugoslavia*. Proceedings from 1st International Congress on Social &Cultural Studies, International Association for Teaching and Learning, Granada, Spain

Овој труд хронолошоки ја анализира политиката на најголемата светска сила кон Југославија. Почнувајќи од нетипично одличните односи на САД со комунистичка Југославија, па сè до промената на оваа политика на САД, која следуваше по падот на Берлинскиот ѕid. Целта на трудот е да се пронајде што стои зад трансформацијата на оваа политика на САД, од силен поддржувач на Југославија кон политика на признавање на новосоздадени држави, кои ја напуштаат оваа федерација.

Маролов, Д. (2012) *Балканските војни низ призмата на теоретската рамка на концептот на безбедносна дилема*.Скопје,Научен собир Сто години од Балканските војни, Македонска академија за науките и уметностите

Овој труд има за цел да ги обработи двете Балкански војни и однесувањето на државите – учесници во нив. Авторот се користи со теоретскиот концепт на т.н. „безбедносна дилема" како еден од клучните концепти во науката на меѓународните односи. Идејата е да се изврши обработка на Балканските војни, конкретно, во сите клучни елементи на оваа теоретска рамка, со што ќе може да се увиди дали државите - учесници во Балканските војни може да се сместат во овој теоретски концепт, односно дали примената на овој теоретски концепт во конкретниот случај може да понуди одговори во однос на причините за започнување на војната помеѓу завојуваните страни - учесниците во првата и втората Балканска војна, прашањето за балансот на силата и неговата промена, како и за променливоста на сојузништвата помеѓу учесниците во војните. На овој начин дадената проблематика е обработена од еден поинаков агол за кој конкретно е малку пишувано и работено.

Маролов, Д. (2013) *Село Зрново*. Он лине, Македонска Ризница (бр.6)

Трудот ја обработува историјата и демографијата на село Зрново, лоцирано во северна Грција. Историските и демографските случувања се анализираат во контекст на политиката на грчката држава во Егејскиот дел на Македонија, како и нејзината позиција кон современата македонска држава.

Marolov, D. (2013) *Understanding the Ohrid framework agreement*. In Ramet P.R. Listhaug, O. and Simkus, A. (eds.), *Civic and uncivic values in Macedonia: Value transformation, education, and media*. Oslo, Palgrave Macmillan

Во трудот се прави детална правно - политичка анализа на Охридскиот рамковен договор, како документ кој директно имаше влијание врз македонскиот Устав и воспостави нови односи на поделба на моќта внатре во земјата.

Marolov, D. (2013) *Republic of Macedonia Foreign Policy - Diplomacy in the Middle of the Balkans*. Cambridge Scholars Publishing, Cambridge UK

Оваа монографија во четири поглавја ја анализира македонската надворешна политика, почнувајќи од разгледување на релевантните теоретски аспекти во првото поглавје, односите со САД и ЕУ во второто поглавје и процесот на стекнување на независност, како и специфичните предизвици на македонската надворешна политика во третото и четвртото поглавје. Монографијата успешно дава одговори за причините за сегашната положба на РМ во поглед на меѓународните односи.

*Marolov, D. (2013) The relations between Macedonia and Greece in the context of the name issue*. Journal of Balkan Research Institute. Volume 2, Number 1, July 2013.Edrine, Turkey

Трудот ги обработува односите помеѓу двете соседни држави Р. Македонија и Р. Грција. Карактеристично за односите помеѓу двете држави е уникатниот проблем кој Р. Грција го наметнува со оспорувањето на името на својот сосед Р. Македонија, чиј народ, секако, има длабоки историски корени. Р. Грција исто така создава современи проблеми кои излегуваат од билатералната рамка и имаат капацитет да предизвикаат и поширока дестабилизација во овој регион. Во овој контекст авторот ја обработува и Времената спогодба од 1995 година како меѓународно-правен документ кој е основата за односите помеѓу конкретните два меѓународно-правни субјекти.

Маролов, Д. и Иванова, Е. (2013) *Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување*. Скопје,Стручно списание Правник (бр. 259)

Трудот ги опфаќа најранливите категории жртви на незаконско посвојување - децата и малолетните лица, каде што виктимизацијата од кој било аспект делува многу подеструктивно отколку кај полнолетните жртви. Потребата од нивна заштита, особено од овој грозен криминалитет е појдовниот мотив за изработка на трудот.

Маролов, Д. (2013) *Скрипта по предметот Меѓународно јавно право*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Скриптата е од областа на меѓународното јавно право. Се состои од осум глави на вкупно 114 страници. Во првата глава авторот дава историски приказ на развојот на меѓународно правната научна мисла и го третира поимот на меѓународно право, меѓународниот систем, како и односот на внатрешното- национално право со меѓународно право. Во втората глава се обработуваат изворите на меѓународното право со особен акцент на Статутот на меѓународниот суд на правдата. Во овој дел, исто така, се посветува и внимание на кодификацијата на меѓународното право. Третата глава од оваа скрипта се задржува на дефинирање на поимот на меѓународно правните субјекти, се презентира државата како најистакнат меѓународно правен субјект, но и меѓународните организации како регионалните така и меѓународните. Во четвртата глава се обработува меѓународното договорно право а посебно формата, фазите, почетокот, престанокот но и ништовноста на меѓународните договори. Во овој дел исто така се посветува внимание и на начелото „pacta sunt servanda". Петтата глава од оваа скрипта се концентрира исклучиво на дипломатското и конзулуарното право како подвид на меѓународното право вклучително и обработка на дипломатските и конзуларните мисии како и нивните службеници, видови, привилегии и сл. Во шестата глава се обработува меѓународно правниот статус на морето, меѓународите езера, меѓународните реки и други области во меѓународното право. Седмата глава ги обработува начините и постапките за мирното решавање на спорови, а особено задржувајќки се на работата на меѓународниот суд на правдата, додека, пак, осмата и последна глава од оваа скрипта го обработува меѓународното воено право. Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на предметот Меѓународното јавно право.

*Маролов,Д.(2013) Практикум по предметот Меѓународно јавно право*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Практикумот е од областа на меѓународното јавно право. Составен е од четири меѓународно правни документи и тоа: Заедничка декларација на министер-претседателот на Република Бугарија и претседателот на Владата на Република Македонија, Времената спогодба меѓу Република Грција и Република Македонија, Пресудата на Меѓународниот суд на правдата (Р.Македонија против Грција) и Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји-членки. Преку користење на овој практикум студентите за време на вежбите ќе можат практично да се запознаат со: Меѓународното договорно право, односно меѓународните договори како извор на меѓународното право склучени од субјекти на меѓународното право, признавање на држави, органи за одржување на меѓународните односи, мирно решавање на споровите, работата на Меѓународниот суд на правдата како орган на ОН и генерално со меѓународно правниот систем. Практичните примери се одбрани со цел за подобро и поконкретно запознавање на македонската надворешна политика, која се спроведува преку органите за одржување на меѓународните односи.

Marolov, D. (2013) *The reasons for the collapse of Yugoslavia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Vol 12, No 1

Поранешната Југословенска федерација почна да се распаѓа во раните 90-ти години, со сукцесија на пет независни држави. Постојат многу теории кои се обидуваат да дадат свое видување и објаснување на причините за распадот на СФРЈ. Сепак, исклучително тешко е да се декларира која од тие теории е најрелевантна и најиздржана. Со овој труд се прави напор за комбинирање на најпознатите теории во врска со ова прашање и издвојување на нивните најбитни елементи во една нова комбинирана теорија.

Marolov, D. и Ivanova, E. (2013) *The Relations between Macedonia and Kosovo*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Vol 12, No 1

Овој труд ги обработува билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Косово во периодот по прогласувањето на косовската независност, како и односите и заемното влијание уште пред прогласувањето на косовската независност. Ова е дотолку поважно, што Косово, како пред, така и по прогласувањето на независност беше на агендата на меѓународната заедница, притоа отворајќи бројни политички и правни дилеми кои на еден или друг начин ја засегаа и Р.Македонија.

Marolov, D. (2014) T*he Euro-Atlanticaspirations of the Republic of Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Vol 13, No 1

Трудот ги обработува Евроатлантските интеграции на РМ како врвен приоритет на македонската надворешна политика. Освен што интеграциите се една од главните цели на надворешната политика, треба да се спомне и дека се едни од ретките прашања за кои постои консензус внатре во земјава помеѓу политичките партии и граѓаните со различна верска и етничка припадност. И регионално гледано, со евроатлантското интегрирање на Република Македонија директно ќе се придонесе кон поголема стабилност на традиционално нестабилниот Балкан. Сепак, не сите соседи на РМ се согласуваат со ова, поради што се јавуваат специфични пречки и тешкотии на овој пат. Токму овие прашања се мотивација за изработка на овој труд.

Marolov, D. & Rodrigues, N.J. (2014) *Theoretical and Legal Framework of Foreign Policy the Example of the Republic of Macedonia - Official EU Candidate Country*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, Vol 13, No 1

Независната македонска надворешна политика има свои корени во распадот на Југославија и создавањето на независна Република Македонија – познато е дека претходно македонската надворешна политика беше само дел од Југословенската надворешна политика. По направената анализа на македонската надворешна политика од осамостојувањето до денес се предлага нејзина поделба во најмалку два периода. Во однос на правната рамка, пак, може да се рече дека целокупната структура на надворешната политика на Република Македонија е поставена согласно со Уставот и Законот за надворешни работи.

***Приказ на докторската дисертација***

Докторската дисертација е со наслов „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика“. Таа е структурирана во пет глави проследени со истражувачката рамка која ги вклучува: објектот на истражување, прашањата, целите, хипотезите и методологијата, содржината со воведот, главниот дел, завршните согледувања и листата на користена литература и има вкупно 256 страници. Во првата глава авторот ја конципира теоретската рамка на поимот надворешна политика. Во овој правец ги презентира најпознатите теоретски пристапи за конкретната проблематика. Поединечно се обработуваат односите на надворешната политика со дипломатијата како нејзино средство, врската помеѓу внатрешната политика, вклучително и на внатрешниот политичко-правен систем и надворешната политика. Конечно се анализираат промените на меѓународните односи и начинот на кој тие влијаат врз надворешната политика. Втората глава се концентрира на обработка на четири значајни прашања. Прво, се даваат одредени објаснувања на специфични термини кои се значајни за истражувањето, вклучувајќи го и обидот за дефинирање на карактерот на југословенските војни. Второ, се обработува самиот распад на Југословенската федерација, набљудувано низ призмата на престанувањето на работа на одредени федерални тела и органи како и улогата на ЈНА во војните во Словенија, Хрватска и БиХ. Во овој дел авторот ја применува теоретската рамка на концептот на безбедносна дилема во случајот со Хрватска, а пред започнувањето на воениот конфликт. Трето, авторот ги анализира и објаснува политиките на ЕУ (тогашни ЕЗ) и САД кон Југославија. Во однос на политиката на ЕУ, авторот ја прави анализата од аспект на целокупната ЕУ односно нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика, но мора да се каже дека предвид се земени и поединечните политики на одредени членки. Во однос на САД, пак, се прави хронолошка анализа на нивната политика кон Југословенската федерација. Конечно се извлекуваат одредени заклучоци преку компаративна анализа на политиките на ЕУ и

САД. На крајот на ова поглавје, авторот ги обработува и таканаречените теории на заговор.

Во третата глава авторот се задржува на две прашања: прво, прави обид за идентификување на конкретната политика на ЕУ кон Македонија и тоа за време на распадот на Југославија, притоа компарирајќи ја со политиката на ЕУ кон другите југословенски републики, второ, ја анализира политиката на САД конкретно кон Македонија за време на распадот на СФРЈ. Конечно авторот ги компарира политиките на ЕУ и САД кон Македонија на начин на кој можат да се излечат соодветни заклучоци.

Во четвртата глава се обработува процесот на создавање на македонска независна држава. Пред сè, се посветува внимание на безбедносните прашања односно на можноста за прелевање на југословенската криза во Македонија и од овој аспект консолидирањето на независна Македонија, воспоставувањето на целосен суверенитет врз целата своја територија, организирањето на Референдумот со сите можни импликации и надворешните дестабилизирачки фактори. Посебно се посветува внимание на меѓународното признавање со посебен аспект на зачленувањето во ОН гледано низ призмата на меѓународното право.

Петтата и последна глава ја обработува теоретската и правната рамка на надворешната политика на Р. Македонија со посебен осврт кон Законот за надворешни работи на РМ. Во оваа глава воедно се анализираат и односите на РМ со сите свои соседи, и тоа од правно политички аспект, посебно задржувајќи се на специфичните меѓународно правни декларации и договори кои ја даваат основата на односите помеѓу РМ и своите соседи. Конечно, авторот се задржува на евроатланските аспирации на РМ.

По ова следи сублимат на сите заклучоци за распадот на Југословенската федерација, улогата на големите сили кон овој процес и конечно за меѓународната правно-политичка позиција на РМ, причините за неа во сегашноста и можната траекторија во иднина.

***Учество на конференции, обуки, работилници***

Кандидатот има положено TOEFL (тест за англиски јазик за странци), како и присуствувано на повеќе студиски престои, конференции, семинари, работилници како: Специјалистички семинар, тематски подрачја: казнено процесно право, граѓанско процесно право и управно процесно право, ФОН Универзитет, Скопје и Струга - Македонија (3.5.2007-23.5.2007); Конференција, Легислативниот процес во Советот на министри. CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и Советот на министри, Брисел, Белгија (18. 2.2008); Конференција, Улогата на Комитетот на региони во процесот на одлучување на ЕУ. CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и Комитетот на региони, Брисел, Белгија (19.2.2008); Конференција, Проширувањето на ЕУ. CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и Европската комисија - Генерален директорат за проширување, Брисел, Белгија (20.2.2008); Конференција, Моменталните операции на НАТО, CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и НАТО канцеларија за односи со јавноста, Брисел, Белгија (21.02.2008); Конференција, Улогата на Советот на Европа во европската политичка архитектура. CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и Советот на Европа, Стразбург, Франција (23.2.2008); Јавна трибина на Европски парламент, Европски парламент, Стразбург, Франција (24.2.2008); Конференција, Улогата на УНИХЦР и активностите фокусирани на ситуацијата во Ирак. CIFE (Centre International de Formation Europeenne) и УНИХЦР, Женева, Швајцарија (26.02.2008); Семинар, Процесот на транзиција во Полска. Универзитет Адам Мичкиевич, Познан, Полска (7.4.2008-13.4.2008); Семинар, Легислативата на европските заедници во однос на еднаквоста помеѓу половите. Академија за европско право, Триер, Германија (20.9.2009-21.9.2009); Форум, Европски и светски форум за социјални, политички, економски и културни предизвици, Асоцијација Дециус, Краков, Полска (4.7.2010-17.7.2010); Семинар, Рефлекциите врз правото на ЕУ во однос на еднаквоста, Академија за европско право, Триер, Германија (20.9.2010-21.9.2010); Конференција, Активностите на Заедничкиот истражувачки центар, Заеднички истражувачки центар при Европска комисија и Министерство за образование и наука на РМ. Скопје, Македонија (19.10.2010); Работилница „Имплементација на меѓународно хуманитарно право во современи воени операции", организирана од Министерство за одбрана на РМ, Скопје (16.12.2010-17.12.2010); Конференција Македонски вредности, трансформација, образование и медиуми. Меѓународен институт за мир, Министерство

за надворешни работи на Норвешка и НТНУ Универзитет, Осло, Норвешка (28.10.2010.-29.10.2010); Конференција, Искуствата од воведувањето на Болоњскиот процес, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Скопје, Р.Македонија (12.3.2012); Конференција, Втора меѓународната научна конференција - Меѓународен дијалог- Исток и Запад, Славјански универзитет во Свети Николе (15-17.3 2012); Конференција Млади научни работници, Еуродок, Краков-Полска (20.3.2012-25.3.2012); Научен собир 100 години од Балканските војни, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје-Македонија (3.12.2012-4.12.2012); Конференција, Прва меѓународна интердисциплинарна конференција, Азорски Универзитет, Понта Делгада, Португалија (24-26.4.2013); Конференција, Нови предизвици во европскиот простор, меѓународен Баку форум, Баку, Азарбејџан (20-25.5.2013); Конференција 100 години од Договорот во Букурешт, Обединета македонска дијаспора, Скопје-Охрид, Македонија (24.7.2013-2.08.2013); Конференција, нови знаења за нов развој, Европски центар за развој и мир при Универзитет за мир основан од ОН и Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, Македонија (7.10.2013); Конференција Глобална мултидисциплинарна академска средба, Сантијаго Универзитет, Праија- Капе Верде (27-30.3.2014); Конференција Меѓународен научен форум, Витрина Универзитет, Тирана - Албанија (12 - 14.12.2013); Трибина, Македонското малцинство во соседните земји, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Р.Македонија (27.5.2014); Конференција Меѓународна конференција на општествените науки, Боцвана Колеџ, Габороне, Боцвана (4-7.6.2013); Конференција, Втора меѓународна интердисциплинарна конференција, Азорски универзитет, Понта Делгада, Португалија (8-12.7.2014). Има добиено благодарница од Министерство за одбрана на РМ за учество на работилница како предавач и благодарница од Парламентот на РМ за учество на Ораторски средби. Кандидатот е активен и во НВО секторот. Исто така, тој е автор на две монографии објавени во Берлин и во Кембрич, автор на поглавје во книга објавено во Осло и бројни рецензирани текстови во меѓународни списанија од областа на меѓународно јавно право. Од претходната евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност може јасно да се забележи неспорната работа и посветеност на кандидатот во наставно научното поле на меѓународното право.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот има објавено поглавје во книга во странство под наслов Marolov, D. (2013) *Understanding the Ohrid framework agreement*. In Ramet P.R. Listhaug, O. and Simkus, A. (eds.), *Civic and uncivic values in Macedonia: Value transformation, education, and media*. Oslo, Palgrave Macmillan". Има добиено и повеќе багодарници и признанија, а воедно е и носител на почесна титула „Сами Фрашери" доделена од Универзитетот „Витрина"-Тирана, Република Албанија. Кандидатот е повеќекратен член на Конкурсната комисија за спроведување на уписите и член на Комисијата за проверка на постојани учебници од македонски автори за наставно-научната област - меѓународни односи и европско право.

Кандидатката **Вида Поповска-Кочишка** нема доставено целосна документација согласно со објавениот Конкурс.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според горенаведеното и врз основа на разгледувањето на поднесената документација, Комисијата констатира дека кандидатката Вида Поповска-Кочишка ги нема поднесено потребните документи согласно со распишаниот Конкурс, поточно нема поднесено диплома за завршен трет циклус студии. Комисијата констатира дека д-р Дејан Маролов ги има поднесено сите потребни документи согласно со распишаниот Конкурс и смета дека Маролов - асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се развива во солиден и перспективен научен работник, како претставник на помладата генерација на научни кадри на Правниот факултет која професионално, солидно и одговорно ги извршува сите обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Факултетот.

Комисијата со задоволство констатира дека д-р Маролов има забележителен опус за млад научник во кој воопшто не изостануваат трудови објавени на англиски јазик во референтни меѓународни списанија. Особено за поздравување е фактот што во опусот на д-р Маролов се забележува неговиот интерес за различни области поврзани со меѓународно јавното право, како и разработката на особено актуелни и недоволно проучени теми. Во научниот интерес на д-р Маролов не изостанува ниту учеството во изработка на наставни помагала, со што тој се профилира како наставник кој ги совладал методолошките пристапи во презентирање на наставната материја.

Несомнено е дека д-р Маролов ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избран во наставно звање доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го избере д-р Дејан Маролов, досегашен асистент, во звањето доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Васил Тупурковски, претседател, с.р.**
**Проф.д-р Сашо Георгиевски, член, с.р.**
**Доц.д-р Љупчо Сотирсоки, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта | 1 | 8 | | | |
| 3. | Позитивно рецензиран практикум | 1 | 8 | | | |
| 26. | Вежби | 16/ 5год. | 40 | | | |
| 33. | Рецензент на труд | 1 | 1 | | | |
| | **ВКУПНО** | | **57** | | | **57** |
| | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| 1. | Монографија | | | 2 | 30 | |
| 4. | Труд објавен во научно списание | 4 | 12 | 7 | 21 | |
| 5. | Труд објавен во зборник на трудови на научен собир | 2 | 2 | 1 | 2 | |
| 10. | Одбранета докторска теза | | | 1 | 8 | |
| 11. | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно списание | | | 3 | 3 | |
| 19. | Член на научен одбор на научен собир | | | 5 | 10 | |
| | **ВКУПНО** | | 14 | | 78 | **92** |
| | | | | | | |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 2. | Поглавје од книга | | | 1 | 7 | |
| 19. | Награди и признанија | | | 1 | 8 | |
| 28. | Член на комисија | 4 | 8 | | | |
| | **ВКУПНО** | | 8 | | 15 | **23** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **172** |